# ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023
# И ЗАПИШУВАЊЕ НА
# ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024

**Електронско бирање предмети iKnow:**

**до - 27.09.2023**
**втора година – до 21.9.2023**
**трета година – до25.9.2023**
**четврта година и повеќе до 27.9.2023**

**Поднесување документи во Студентски прашања**
**со задолжително електронски избрани предмети**

**2 година: 21.9. - 22.9.2023**

**3 година: 25.9. - 27.9.2023**

**4 година и повеќе: 28.9. – 29.9.2023**

**Работното време со студенти во наведениот период е од 8:30 до 15:30 часот**
**ПАУЗА 10:00 ДО 10:30 часот**

**Ве молиме за задолжително почитување на термините по студиски години во спротивно по истекот на последниот рок се смета за задоцнето запишување.**

**ЕЛЕКТРОНСКО БИРАЊЕ:** Ве молиме по извршеното бирање на предметите повторно да го проверите вашиот профил, односно избраните предмети.

**ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ:**

1. **Семестрален лист** за заверка на зимскиот семестар.

2. **Уписен лист за летниот семестар**.

3. **Пополнет индекс*** во кој се запишани **претходно електронски избраните** предмети согласно со долунаведеното упатство **(ПРИЛОГ 2)**
   *** задолжително со печат од систематски преглед (за студентите од 1 година)**

4. **Уплатница за школарина** уплатена на сума пресметана според тоа колку кредити запишува студентот **(ПРИЛОГ 1)**
   **УПЛАТИТЕ ЗА ПРЕЗАПИШУВАЊЕ ДА БИДАТ НА 1 ПОСЕБНА УПЛАТНИЦА (ПРИЛОГ 1)**

---

**Студентите се должни запишаните изборни и слободни изборни предмети кои нема да се активираат поради мал број на студенти или евентуално поклопување на термините за настава да ги заменат на 2 и 3 октомври 2023 година.**

**ВАЖНА НАПОМЕНА:**

**Студентот може да изврши заверка на летниот семестар од учебната 2022/2023 година, доколку има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.**

**Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, може да направи административна заверка на семстарот.**
**Заверката на семестарот се врши во термини што ги објавува Факултетот на веб-страницата.**

## ВАЖНИ НАПОМЕНИ:

- Согласно Правилата за студирање на студиските програми прв циклус универзитетски студии на Филолошкиот факултет кој гласи "студентите од прв циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во период што е два пати подолго (4 + 4 години) од пропишаното траење на студиите"
- Студентите запишани во квота со партиципација (државна квота) го губат статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако: еден предмет запишува по трет пат; не освоил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен (зимски, односно летен) семестар; доколку прекинот на студиите трае 3 (три) и повеќе последователни семестри.
- Студентите коишто го положиле последниот испит од студиската програма и им е останата само одбраната на дипломската работа треба веднаш по положувањето на последниот испит да го достават индексот во Одделението за студентски прашања за проверка на студентското досие и исполнетоста на условите за одбрана на дипломската работа.
- Студентите кои ја имаат запишано дипломска работа во зимскиот семестар и на кои рокот за изработка односно одбрана на дипломската работа го преминува рокот за запишување на летниот семестар вршат запишување на летниот семестар само со уписен лист и лист за заверка на семестар. Оние студенти на кои дипломската работа им останува како обврска во летниот семестар должни се да ја запишат, односно презапишат со подмирување на трошоците за дипломската работа.
- Студентите запишани во академската 2016/2017 должни се да ги завршат своите обврски согласно студиската програма до 30.9.2024 година во спротивно преминуваат по активните студиски програми.